Архивски број: 0401-6356/7
Датум: 27.11.2025 година

В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, врз основа на член 188 став 6, член 212 став 10 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РС Македонија", бр.104/19, 146/19, 275/19 ,302/20, 311/20, 163/21, 294/21 ,99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и член 24 став 1 точка 7 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово бр. 04-2156 од 21.06.2019 година на ден 27.11.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**

за избор на кандидати врз основа на интерен оглас бр. 0401-6356/1 – (04/2025) за унапредување на два (2) извршители даватели на јавна услуга

Лицето Зељберије Шакири се избира за унапредување на работно место – **Економист,** стручен службеник во УСЗ од четврто ниво, во Служба за права на парична помош за општина Куманово и Старо Нагоричане, Оддел за права на парична помош - општина Старо Нагоричане и дел од општина Куманово, со шифра на работно место СО30303А04008.

Лицето Самир Зумбери се избира за унапредување на работно место- **Водител на случај- дипломиран социјален работник**, самостоен стручен службеник од IV ниво, во Служба за права на парична помош за општина Куманово и Старо Нагоричане, Оддел за права на парична помош- општина Куманово, со шифра на работно место СО30303А04020.

Именуваните ќе бидате унапредени и распоредени на работното место по конечноста на оваа одлука.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По добиени согласности за обезбедување на финансиски средства за унапредување од Министерство за финансии бр. 19 -465/2 од 31.01.2025 година, заведена со наш број 0402-2272/1 од 17.04.2025 година и бр. 19 -8236/2 од 29.07.2025 година, заведена со наш број 0401-3808/1/1 од 30.07.2025 година, ЈУМ Центар за социјална работа Куманово објави интерен оглас за унапредување на два (2) извршители во Служба за права на парична помош општина Куманово и Старо Нагоричане, Оддел за права на парична помош - општина Старо Нагоричане и дел од општина Куманово, како и во Оддел за права на парична помош- општина Куманово, заради пополнување на слободните работнио места со унапредување и тоа: Економист, стручен службеник во УСЗ од четврто ниво и Водител на случај- дипломиран социјален работник, самостоен стручен службеник од IV ниво .

Комисијата формирана за селекција на кандидати за унапредување направи административна селекција и интервју со кандидатите и по целосно утврдување кои од кандидатите ги исполнуваат условите наведени во интерниот оглас, состави ранг листа со прворангираните кандидати и истата ја достави до ВД Директорот.

Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на интернет страницата на институцијата.

Име на сектор

Врз основа на член 188 став 6, член 212 став 10 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РС Македонија", бр.104/19, 146/19, 275/19 ,302/20, 311/20, 163/21, 294/21 ,99/22, 236/22, 65/23 I 192/25) и член 24 став 1 точка 7 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово бр. 04-2156 од 21.06.2019 година В.Д. Директорот ја донесе горенаведената одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука за избор или невршење на избор на давател на јавна услуга, незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на интернет страницата или огласната табла на одлука за избор или невршење на избор.

ЈУМ Центар за социјална работа Куманово
ВД Директор
Erdi Mehmeti

Доставено до :
- кандидат
-досие на избран кандидат
-предмет
- архива


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. Тодор Велков бр. 4 Куманово
Република Северна Македонија
+389 31438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk
e-mail:jumcsrKumanovo@mtsp.gov.mk